

# Пилева и Дани водителки на "Адриа топ 20"

Пред помалку од еден месец на Ем-Ти-Ви Адриа почна посебен циклус на емисии "Адриа Топ 20", каде водењето на најпрестижните топ листи се во рацете на музичарите, кои се изведувачи од регионот и се наоѓаат на самиот врв.

Прва во оваа улога беше Словенката, Аља, која со својот хит "Авеш" во улога на водител ја најави својата плоча, потоа беше српската авторка Александра Ковач со нејзиниот албум "Мед и млеко", а наскоро во оваа улога ќе се најдат и најпопуларните Ем-Ти-Ви Македонки Александра Пилева и Дани.

На 15 март на гледачите ќе им се претстави Дани како регионален победник во изборот "Нов звук од Европа", која ќе се најави со актуелниот хит "Херој", песната што Дани ја подари за борба против сидата. Една недела подоцна водителското кормило ќе биде во рацете на Александра Пилева која подолго време е на самиот врв на топ листата со песната "Летај со мене". ***(А.Г.)***

## Три натпреварувачки вечери на "Рок Фест"

Најстарата музичка манифестација кај нас "Рок Фест" годинава, наместо стандардните две, ќе има три натпреварувачки вечери, најавија организаторите кои решиле да го прошират квалификациониот дел поради голем интерес на групи од цела Македонија.

Датумите за натпреварувачките вечери се на 14, 15 и 20 март, а финаланата вечер ќе се одржи на 28 март. Целата манифестација ќе се случува во денсинг-салата на Младинскиот културен центар во Скопје.

И годинава, финалистите, како и победниците ќе ги одредува публиката, која со влезницата ќе може да гласа за својот фаворит. Од трите натпреварувачки вечери, во финалето ќе влезат 5 групи кои добиле најмногу гласови. Во кфалификационите вечери силите ќе ги одмеруваат петнаесетина бендови од Скопје, Тетово, Куманово, Кичево, Струга...

"Рок Фест" годинава го доживува 27-то издание.

# Песната "Едно име имаме" со Калиопи прва на топ-листите



*Брилјантната изведба на Калиопи го буди патриотизмот*

Песната "Едно име имаме", што Калиопи, во придружба на Гаро Тавитјан, што ја испеа на последното издание на музичката манифестација "Златна Бубамара" е хит број еден на топ листите и хит на неделата на речиси сите радио станици низ државата. Оваа песна во 1981 година ја испеа Јонче Христовски, но сосема се поклопи со актуелната ситуација во државава и нејзината изведба од Калиопи на "Златна Бубамара" само уште еднаш ги засили патриотските чувства кај сите.

- Темата на "Бубамара" годинава беше "Македонија пред вратите на НАТО" и нормално беше да се отпее оваа песна. Кога и ја кажавме идејата на Калиопи без проблем прифати и навистина беше полн погодок. А тоа го покажува и седумминутниот аплауз на публиката во Универзална. На Калиопи и се јавиле многу од радијата за да и ја побараат оваа песна во нејзина изведба, а и ние ја ставивме на сајт и преземена е од сите радија, меѓу кои и "Метрополис" и "Сити". Навистина ни е драго што придонесовме барем мал дел за будење на патриотизмот во овие моменти - вели сопственикот на радио "Буба Мара", Ранко Петровиќ.

***(В.М.)***